**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЕДИНАЕСЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 10.05.2022 година

**СКОПЈЕ, МАЈ 2022 ГОДИНА**

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

**Од Единаесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 10.05.2022 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Десеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Десеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **19 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

Согласно извештаите од седниците на комисијата за финансии и буџет, бр.09-2598/2 од 06.05.2022 година и комисијата за општествени дејности, бр.09-2601/2 од 09.05.2022 година насловот на точка 9 **се менува и гласи**:

"Предлог - Одлука за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект: "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост".

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно известувањето од стручната служба од 09.05.2022 година и доставен работен материјал од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**36.** Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

Согласно известувањето од стручната служба од 09.05.2022 година и доставен работен материјал од секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**37.** Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2022 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 36** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **21 глас "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 37** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "36" и "37" се составен дел од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **22 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2022 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2022 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2022 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојната Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2022-2023 година;
5. Предлог - Одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
6. Предлог - Одлука за пренесување (делегирање) на вршењето на работи од комуналната дејност од јавен интерес од локално значење, од Општина Гази Баба на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за стопанисување со мрежата на јавното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба;
7. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци;
8. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2;
9. Предлог - Одлука за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект: "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост";
10. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кочани;
11. Предлог - Програма за изменување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2022 година;
12. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година;

13. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2022 година;
14. Предлог - Програма за изменување на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2022 година;
15. Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2022 година;
16. Предлог - Програма за изменување на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2022 година;
17. Предлог - Програма за изменување на Програмата за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2022 година;
18. Предлог - Програма за изменување на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2022 година;
19. Предлог - Програма за изменување на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2022 година;
20. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2022 година;
21. Предлог - Програма за изменување на Програмата за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2022 година;
22. Предлог - Програма за изменување на Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2022 година;
23. Предлог - Програма за изменување на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2022 година;
24. Предлог - Програма за изменување на Програмата за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2022 година;
25. Предлог - Програма за изменување на Програмата за спомен-обележјата на Општина Гази Баба за 2022 година;
26. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2022 година;
27. Предлог - Програма за изменување на Програмата за индустриска зона Заобиколница - Гази Баба за 2022 година;
28. Предлог - Програма за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година;
29. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2022 година;
30. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2022 година;
31. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2022 година;
32. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;
33. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2022 година;
34. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за потребен образовен кадар во детските градинки ЈУДГ "Детска радост" и ЈУДГ "25 Мај";
35. Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров;
36. Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје; и

37. Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2022 година.

Советот беше информиран дека за точката 36 дополнително во текот на седницата по претходно дадена пауза ќе заседава статутарно-правната комисија а за точката 37 комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина и комисијата за финансии и буџет, кои ќе достават извештаи до советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2022 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 06.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2022 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Во отсуство на претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, извештајот од седницата на комисијата одржана на 06.05.2022 година, го презентираше Претседателот на советот.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2022 година Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2022 година, со **23 гласа "ЗА".**

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојната Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2022-2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Развојната Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2022-2023 година, со **23 гласа "ЗА".**

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 06.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за пренесување (делегирање) на вршењето на работи од комуналната дејност од јавен интерес од локално значење, од Општина Гази Баба на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за стопанисување со мрежата на јавното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за пренесување (делегирање) на вршењето на работи од комуналната дејност од јавен интерес од локално значење, од Општина Гази Баба на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за стопанисување со мрежата на јавното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба, со **20 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Цршево - Стајковци.**

Претседавачот со седницата на комисијата за локален економски развој - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 06.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ), Тони Симоновски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Сафет Адеми (ДУИ) и претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков.
.
Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Цршево - Стајковци, со **20 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на советот м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2, со **19 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект: "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост".**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за финансиско учество на Општина Гази Баба во проект: "Изградба на дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост", со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кочани.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на советот Сашо Начовски (ВМРО-НП - дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Кочани, со **18 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - **м-р Живко Белчев**, поднесе извештај од седницата одржана на 06.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2022 година, со **18 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2022 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 09.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

*Коментар од стручната служба:*

Претседателот на советот даде пауза од 30 минути за да се одржат седници на статутарно-правната комисија (за да завземе став по однос на **точка 36**), комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина и комисијата за финансии и буџет (за да завземат став по однос на **точка 37**).

**По паузата.**

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Сафет Адеми (ДУИ), Никола Тутевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2022 година, со **16 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2022 година, со **16 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за спомен-обележјата на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Во отсуство на претседателот на комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен-обележја, извештајот од седницата на комисијата одржана на 09.05.2022 година, го презентираше Претседателот на советот.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за спомен-обележјата на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 3 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за индустриска зона Заобиколница - Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за индустриска зона Заобиколница - Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 06.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Орде Маневски (Левица), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), м-р Соња Зашовска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2022 година, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за потребен образовен кадар во детските градинки ЈУДГ "Детска радост" и ЈУДГ "25 Мај".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Орде Маневски (Левица), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), м-р Соња Зашовска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на информацијата за потребен образовен кадар во детските градинки ЈУДГ "Детска радост" и ЈУДГ "25 Мај", со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање и утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање и утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров, со **17 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 10.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседавачот со седницата на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 10.05.2022 година.

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 10.05.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2022 година, со **21 глас "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Единаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:20** часот.

**Број 09-3337/2**
**од 13.06.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот